*Прилог 2*

# ТЕРМИНСКИ ПЛАН
## за прием и извршување на налози за плаќање во Централна кооперативна банка АД Скопје

Приемот и обработка на налозите за плаќање доставени од учесниците во платниот промет во организационите делови на Централна кооперативна банка АД Скопје се врши според следниот термински план:

Во периодот од **08,00 - 16,00 часот,** Банката врши,

- Прием и обработка на **безготовински налози за пренос** кои имаат третман на **итни плаќања и големи плаќања** и истите се извршуваат на **начин 1** преку **МИПС** - системот на НБРМ (големо плаќање е налог на износ од и над 1.000.000,00 денари, и за кое се препорачува претходна најава од учесникот),
- Прием на **готовински уплати на начин 1** преку системот на МИПС во корист на имателите на сметки кај **другите носители на платен промет,**
- Обработка на налозите за пренос кои имаат третман на **итни плаќања и големи плаќања,** а доставени/иницирани преку системот за **електронско банкарство**,

**Авторизација** на налозите за пренос (одобрување за реализација) обработени на **начин 1** врши одговорниот работник во Банката во текот на денот **веднаш** по внесот/ обработката на трансакцијата,

Во периодот од **08,00 - 14,00 часот,** Банката врши,

- Прием и обработка на **безготовински налози за пренос на начин 2** преку системот на **КИБС** во корист на имателите на сметки кај другите носители на платен промет со валута за тековниот ден,
- Прием на **готовински уплати** на **начин 2** преку системот на **КИБС** во корист на имателите на сметки кај **другите носители на платен промет**,
- Обработка на налозите за пренос преку системот на **КИБС,** а доставени/ иницирани преку системот за **електронско банкарство**,

**Авторизација** на налозите за пренос (одобрување за реализација) обработени/внесени на **начин 2** врши одговорниот работник во Банката во **09:45; 12:45** и во **14:15** часот,

Во периодот од **08,00 - 19,00 часот,** Банката врши,

- Прием и обработка на **безготовински налози за пренос на начин 3** преку **Интерниот клиринг** односно плаќања помеѓу имателите на сметки отворени во Регистарот на Банката,
- Прием на **готовински уплати** во корист на имателите на сметки отворени во Регистарот на Банката,
- Прием на налози за **готовински исплати** од сметките отворени во Регистарот на Банката, (за износи од и над 1.000.000,00 денари, или противвредност во друга валута, се препорачува претходна најава од учесникот),
- Обработка на налозите за пренос преку **Интерниот клиринг,** а доставени/ иницирани преку системот за **електронско банкарство**,

**Налозите** за пренос обработени/внесени на **начин 3** преку **Интерниот клиринг** со запишување на трансакцијата се реализираат **веднаш** односно налогопримачот може веднаш да располага со средствата на сметката.

Во периодот од **08,00 - 19,00 часот,** Банката врши,

- Прием на налози за пренос преку системите на **МИПС** и **КИБС** со **идна дата на извршување,** но не повеќе од седум календарски дена.

Во **Сабота од 08,00-13,00 часот**, Банката врши прием и обработка на налози на начин 3 преку **интерниот клиринг** (безготовински налози, готовински уплати и исплати), како и прием на налози за пренос со **идна дата на извршување**.

Преку системот за електронско банкарство, Банката врши прием на налози и во термините надвор од претходно наведените, доколку како датум на извршување на трансакцијата е наведено иден датум кој е работен датум за Банката и системите на МИПС и КИБС.

Скопје, Септември 2018 година